Квантитативно истражување

# Активности на Црвениот крст на РС Македонија и вклученост во КОВИД-19 пандемијата

Црвен крст на Република Северна Македонија

Март 2021

# Содржина


1

Методологија на истражувањето 3

2

Демографија 6

3

Свесност за хуманитарни организации во Р. Македонија 11

4

Активности на Црвениот крст на РС Македонија (само испитаници кои знаат за Црвениот крст на Р Македонија) 19

5

Волонтерство во Црвен крст на РСМ 27

6

Примање помош од Црвениот крст на РС Македонија) 29

7

Активности на Црвениот крст на РС Македонија во КОВИД-19 31

8

Потреба од помош од Црвениот крст на РСМ 34

9

Работа на мобилните тимови на Црвениот крст на РСМ 36

10

Кратко резиме и препораки 39

# 1
# Методологија на истражувањето

# Методологија на истражувањето

## Методологија

**УНИВЕРЗУМ:**

Национално репрезентативен примерок на 18+ години

**МЕТОДОЛОГИЈА:**

Телефонско истражување, CATI (Computer assisted telephone interview)

**ГОЛЕМИНА НА ПРИМЕРОК:**

N=1005
Маргина на грешка: +/- 3.1%

**FIELDWORK:**

6ти Февруари – 16 ти Февруари 2021

**ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ:**

Користење на SPSS софтвер за обработка на податоците

**ПОНДЕРИРАЊЕ (WEIGHTING):**

Базата е пондерирана “по популација” (1.670.689 граѓани на 18+)

# Методологија на истражувањето

## Методологија



**ИСТРАЖУВАЧКИ ТИМ:**

- 11 анкетари обучени за CATI (Македонци и Албанци)
- 2 Супервизори
- 2 IT/DP менаџери
- Проект менаџер




**АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК:**

- Во соработка со Црвен крст на Република Северна Македонија



**ИНСТРУКТАЖА ЗА АНКЕТАРИ:**

- Непосредно пред теренската работа извршена е дополнителна инструктажа за анкетарите и супервизорите за овој проект

# 2
# Демографија

# Демографија







База: Сите испитаници

# Демографија







База: Сите испитаници

# Демографија




База: Сите испитаници

# Демографија

| | Просечни месечни приходи во домаќинството (%) |
|---|---|
| 0-3,000 ден. | 0.5 |
| 3,001-6,000 ден. | 0.9 |
| 6,001-9,000 ден. | 1.5 |
| 9,001-12,000 ден. | 4.1 |
| 12,001 - 15,000 ден. | 4.7 |
| 15,001 - 18,000 ден. | 5.5 |
| 18,001 - 21,000 ден. | 7.9 |
| 21,001 - 24,000 ден. | 4.9 |
| 24,001 - 27,000 ден. | 5.8 |
| 27,001 - 30,000 ден. | 12.1 |
| 30,001 - 45,000 ден. | 12.6 |
| . 45,001 + ден. | 8.8 |
| Одбива да одговори | 21.1 |
| Не знае | 9.4 |
| Вкупно | 100% |

Дали Вие или член од Вашето домаќинство прима(л) социјална помош?




База: Сите испитаници

# 3
# Свесност за  хуманитарни организации во Р. Македонија

KANTAR
BRIMA

Црвен крст на Република Северна Македонија

# Свесност за хуманитарни организации во РС Македонија

*Т1. Кои хуманитарни организации би ги издвоиле како организации кои даваат најголем придонес во унапредување на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во Република Северна Македонија..**(првоспомената)***

## Спонтана свесност за Црвениот крст- Првоспомената




ПРВОСПОМЕНАТА (TOP OF MIND)

- „Црвен крст на Македонија“ е во највисок процент прво спомената хуманитарна организација во Р Македонија

База: Сите испитаници

KANTAR BRIMA

Црвен крст на Република Северна Македонија

# Свесност за хуманитарни организации во РС Македонија

*Т1. Кои хуманитарни организации би ги издвоиле како организации кои даваат најголем придонес во унапредување на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во Република Северна Македонија..**(првоспомената)***

Спонтана свесност за Црвениот крст- Првоспомената




ПРВОСПОМЕНАТА (TOP OF MIND)

- „Црвен крст на Македонија“ е во највисок процент прво спомената хуманитарна организација во југозападниот регион (39%), а најмалку спонтано прво спомената во североисточниот (10%) и полошкиот регион (15%).

База: Сите испитаници

# Свесност за хуманитарни организации во РС Македонија

*Т1. Кои хуманитарни организации би ги издвоиле како организации кои даваат најголем придонес во унапредување на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во Република Северна Македонија.*

Вкупна **спонтана** свесност за хуманитарни организации – сите споменати




Можност за повеќе одговори

35%
ВКУПНА СПОНТАНА СВЕСНОСТ ЗА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

- Црвениот крст на Македонија е севкупно спонтано спомената од 35.2% од сите испитаници
- Во просек испитаниците спомелале 1.3 одговори

База: Сите испитаници

KANTAR BRIMA

Црвен крст на Република Северна Македонија

# Свесност за хуманитарни организации во РС Македонија

*Т1. Кои хуманитарни организации би ги издвоиле како организации кои даваат најголем придонес во унапредување на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во Република Северна Македонија..*

| | ВОЗРАСТ % | | | ОБРАЗОВАНИЕ % | | | НАЦИОНАЛНОСТ % | | | РЕГИОН % | | | | | | | | ГРАД/ СЕЛО % | | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНА СПОНТАНА** СВЕСНОСТ ЗА ХУМАНИТАРНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО РС МАКЕДОНИЈА | 18 - 34 | 35 - 54 | 55 + | Основно | Средно | Повисоко | Македонец | Албанец | Друга националност | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Град | Село | Вкупно |
| Црвен крст на Македонија | 48 | 30 | 29 | 20 | 36 | 43 | 35 | 34 | 39 | 27 | 34 | 43 | 32 | 34 | 32 | 20 | 42 | 34 | 36 | 35 |
| Ел Хилал | 31 | 15 | 7 | 16 | 16 | 20 | | 64 | | | | 5 | | | 45 | 33 | 23 | 12 | 23 | 17 |
| Мерхамет | 8 | 5 | 3 | 4 | 6 | 5 | | 19 | | | | 1 | | | 31 | | 1 | 3 | 7 | 5 |
| Калири и Мерсис | 9 | 3 | 1 | 3 | 4 | 7 | | 17 | | | | 3 | | | 6 | 1 | 10 | 4 | 5 | 4 |
| Детска амбасада-Меѓаши | 5 | 3 | 4 | 1 | 3 | 7 | 5 | | 11 | 5 | 3 | 4 | 3 | 5 | 2 | | 6 | 4 | 4 | 4 |
| Свети Спас | 3 | 3 | 1 | | 2 | 5 | 3 | 0 | 3 | 2 | | | 3 | 1 | | 1 | 6 | 3 | 2 | 2 |
| Борка | 1 | 2 | 3 | | 1 | 5 | 2 | | 4 | 3 | | 1 | | 1 | | 1 | 5 | 3 | 0 | 2 |
| УНИЦЕФ | 2 | 1 | 0 | | 0 | 4 | 1 | | 4 | 1 | | 4 | 6 | | | | 0 | 0 | 2 | 1 |
| Влазниа | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | | 4 | | | | | | | | 12 | | 0 | 2 | 1 |
| Надеж | 1 | 1 | | | 1 | 1 | 1 | | | | 1 | | | 5 | | | | 0 | 1 | 1 |
| Хера | 1 | 0 | 0 | | 0 | 2 | 1 | | | | | 1 | | | | | 2 | 1 | | 1 |
| Даре Џамбаз | | 1 | 0 | 2 | | 0 | 0 | | 3 | | | | | | | | 1 | 0 | 1 | 0 |
| Мајка Тереза | | 1 | 0 | | 0 | 1 | 0 | 0 | | | | 1 | | | | | 1 | 0 | 0 | 0 |
| Актив на жени | | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | | | 2 | | | | 1 | | | | 0 | 0 | 0 |
| Сорос | | | 1 | | 0 | | | | 2 | | | | | | 2 | | | | 1 | 0 |
| Црвена Полумесечина | | | 1 | | 0 | 0 | 0 | | | | 1 | | | | | | 0 | 0 | | 0 |
| Каритас | | 0 | 0 | | 0 | | 0 | | | | | | | | | | 1 | 0 | | 0 |
| Легис | 1 | | | | | 1 | 0 | | | | | | 2 | | | | | | 0 | 0 |
| Јета | 1 | | | | 0 | | | 1 | | | | | | | | | 1 | | 0 | 0 |
| Други | 6 | 5 | 3 | 3 | 4 | 8 | 6 | 4 | 2 | 1 | 4 | 3 | 5 | 3 | 2 | 8 | 8 | 6 | 3 | 5 |
| Не знае | 32 | 53 | 65 | 65 | 52 | 41 | 59 | 29 | 58 | 67 | 64 | 52 | 63 | 57 | 43 | 57 | 38 | 54 | 47 | 51 |
| Total | 150 | 127 | 121 | 115 | 127 | 152 | 115 | 173 | 126 | 111 | 108 | 117 | 116 | 108 | 163 | 134 | 145 | 128 | 136 | 132 |

KANTAR BRIMA

База: Сите испитаници

Вредности под 0.5% се заокружени како 0%

Вредности 0.1% не се прикажани во табелата

Црвен крст на Република Северна Македонија

# Свесност за Црвениот крст на Р Македонија

*Т2. Дали сте слушнале за Црвениот крст на РС Македонија?*

**Вкупна свесност за Црвениот крст на РС Македонија**
**СПОНТАНА + ПОТПОМОГНАТА**




- Не знае за Црвен Крст на РСМ
- Да (спонтано)
- Да (потпомогнато)

97.5%
знаат за Црвениот крст
на РС Македонија

| 35.2% (Спонтана свесност) | + | 62.3% (Потпомогната свесност) | + | 2.5% Не знаат за ЦК на РСМ | = | 100% (Сите испитаници) |
|---|---|---|---|---|---|---|

- 97.5% од граѓаните на Македонија знаат за хуманитарната организација „Црвен крст на Р. Македонија“ . (Забелешка: вкупната свесност е збир на спонтаната + потпомогната свесност)

База: Сите испитаници

KANTAR BRIMA

Црвен крст на Република Северна Македонија

# Свесност за Црвениот крст на Р Македонија

*Т2. Дали сте слушнале за Црвениот крст на РС Македонија?*

## Вкупна свесност за Црвениот крст на РС Македонија СПОНТАНА + ПОТПОМОГНАТА

| | ВОЗРАСТ % | | | ОБРАЗОВАНИЕ % | | | НАЦИОНАЛНОСТ % | | | РЕГИОН % | | | | | | | | ГРАД/ СЕЛО % | | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18 - 34 | 35 - 54 | 55 + | Основно | Средно | Повисоко | Македонец | Албанец | Друга националност | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Град | Село | Вкупно |
| Да (спонтано) | **48** | 30 | 29 | 20 | **36** | **43** | 35 | 34 | 39 | 27 | 34 | 43 | 32 | 34 | 32 | 20 | 42 | 34 | 36 | 35 |
| Да (потпомогнато) | 52 | 69 | 64 | 65 | 64 | 57 | 64 | 59 | 61 | 73 | 64 | 50 | 65 | 65 | 64 | 75 | 57 | 65 | 59 | 62 |
| Не знае за Црвен крст на РСМ | | 1 | 6 | **15** | | | 1 | 7 | | | 2 | 7 | 3 | 1 | 3 | 5 | 1 | 1 | 4 | 2 |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

- 97.5% од граѓаните на Македонија знаат за хуманитарната организација „Црвен крст на Р. Македонија“ . (Забелешка: вкупната свесност е збир на спонтаната + потпомогната свесност)
- Помладите испитаници како и испитаници со повисоко образование во повисок процент знаат за Црвениот крст на РС Македонија

База: Сите испитаници

# Свесност за Црвениот крст на Р Македонија

*Т2. Дали сте слушнале за Црвениот крст на РС Македонија?*

Вкупна свесност за Црвениот крст на РС Македонија
СПОНТАНА + ПОТПОМОГНАТА




97.5%
Висока вкупна свесност за Црвениот крст на РС Македонија

База: (Сите испитаници)

# 4
# Активности на Црвениот крст на РС. Македонија

(само испитаници кои знаат за Црвениот крст на РС Македонија)

# Мислење за Црвениот крст на Македонија

*Т3. Какво е вашето мислење за работата на Црвениот крст на РСМ?*

## Мислење за работата на Црвениот крст




- Скоро три четвртини (73.5%) од испитаниците кои знаат за Црвениот крст на Македонија имаат позитивно мислење за ораганизацијата, околу една четвртина (24%) имаат неутрално мислење, а само 3 проценти имаат негативно мислење.
- Во повисок процент позитивно мислење за Црвениот крст на РСМ имаат граѓаните со повисоко образование како и помладите испитаници

| | ВОЗРАСТ % | | | ОБРАЗОВАНИЕ % | | | НАЦИОНАЛНОСТ % | | | РЕГИОН % | | | | | | | | ГРАД/ СЕЛО % | | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18 - 34 | 35 - 54 | 55 + | Основно | Средно | Повисоко | Македонец | Албанец | Друга националност | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Град | Село | Вкупно |
| Позитивно | **80** | 72 | 69 | 64 | 75 | 76 | 74 | 72 | 76 | 70 | 84 | 64 | 68 | 78 | 69 | 74 | 77 | 71 | 77 | **73.5** |
| Неутрално | 19 | 26 | 25 | 30 | 23 | 21 | 23 | 25 | 20 | 24 | 13 | 36 | 29 | 20 | 28 | 20 | 20 | 25 | 21 | 23.3 |
| Негативно | 1 | 2 | 6 | 6 | 2 | 4 | 3 | 2 | 4 | 6 | 3 | 1 | 4 | 2 | 4 | 6 | 3 | 4 | 2 | 3.2 |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |



База: 980 испитаници кои знаат за „Црвен крст на Македонија“

# Основни активности на Црвениот крст на Македонија

*Т4. Според ваше мислење кои се основните активности на Црвениот крст на РСМ.*




- Повеќе активности се издвојуваат како основни активности на Црвениот крст на РСМ како што се: крводарителството, хуманитарната помош, прва помош, волонтерска организација, помош и поддршка по направена катастрофа,подготвеност и дејствување при катастрофи итн.

# Опфатени целни групи во активностите на Црвениот крст на РС Македонија

*Т5. Според ваше мислење кои целни групи најмногу се опфатени при реализацијата на програмските активности на Црвениот крст на РС. Македонија?*

Можност за повеќе одговори

База: 980 испитаници кои знаат за „Црвен крст на Македонија“

## Опфатени целни групи во активностите на Црвениот крст на Р Македонија




- Спонтано во неколку случаи е споменато: Поддршка во време на пандемија

- Според мислењето на испитаниците, како најчесто споменувани целни групи кои се опфатени при реализација на програмските активности на Црвениот крст се наведуваат “жртви на природни катастрофи (67%), сирачиња и самохрани мајки (58%), социјални случаи (53%), бегалци и раселени лица (46%) итн.

# Информираност дека Црвениот крст на РСМ испорачува услуги за помош и нега на стари лица и лица со попреченост

*Т6. Дали сте информирани дека Црвениот крст испорачува услуги за помош и нега на стари лица и лица со попреченост?*

## Информираност за услуги за помош и нега на стари лица и лица со попреченост




- Повеќе од половина (56%) од испитаниците кои знаат за Црвениот крст се информирани дека Црвениот крст на РСМ испорачува услуги за помош и нега на стари лица и и лица со попреченост
- Испитаниците со пониско образование во помал процент се информирани за оваа активност на Црвениот крст на РС Македонија

| | ВОЗРАСТ % | | | ОБРАЗОВАНИЕ % | | | НАЦИОНАЛНОСТ % | | | РЕГИОН % | | | | | | | | ГРАД/ СЕЛО % | | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18 - 34 | 35 - 54 | 55 + | Основно | Средно | Повисоко | Македонец | Албанец | Друга националност | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Град | Село | Вкупно |
| Да | 58 | 52 | 59 | 44 | 55 | **64** | 57 | 51 | 61 | 41 | 64 | 54 | 63 | 53 | 58 | 47 | 58 | 57 | 54 | 56 |
| Не | 42 | 48 | 41 | 56 | 45 | 36 | 43 | 49 | 39 | 59 | 36 | 46 | 37 | 47 | 42 | 53 | 42 | 43 | 46 | 44 |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

# Мислење за Црвениот крст на РС Македонија

*Т7. Ве молам кажете ми во која мера се согласувате или не се согласувате со секоја од следните изјави за Црвениот крст на РС Македонија*

## Мислење за организацијата (%)




- Во највисок процент граѓаните се согласуваат со мислењето дека Црвениот крст на РСМ е хуманитарна организација, чесна, ефикасна, непристрасна, транспарентна, и независна
- Околу половина од испитаниците сметаат дека тоа е богата организација
- Во повисок процент не се согласуваат дека Црвениот крст е религиозна, бирократска или политичка организација, организација која им помага на оние со врски или организација која е застарена и е од социјалистички тип

KANTAR BRIMA

База: 980 испитаници кои знаат за „Црвен крст на Македонија“

Црвен крст на Република Северна Македонија

# Пристрасност на Црвениот крст на РС Македонија

*Т8. Според ваша оценка колку Црвениот крст на РСМ е неутрален (непристрасен) или пристрасен при обезбедување помош во однос на етничката и религиозната припадност на корисникот? На скала од 1-5 каде 1 е означува “потполно пристрасен” а 5 означува “потполно непристрасен (неутрален)”*




- Околу две третини (65% во кумулатив) сметаат дека Црвениот крст на РСМ е непристрасен (неутрален) при обезбедување на помош во однос на етничката и религиозната припадност на корисникот наспроти 13% кои сметаат дека е пристрасен

# Пристрасност на Црвениот крст на РС Македонија

*Т8. Според ваша оценка колку Црвениот крст на РСМ е неутрален (непристрасен) или пристрасен при обезбедување помош во однос на етничката и религиозната припадност на корисникот? На скала од 1-5 каде 1 е означува “потполно пристрасен” а 5 означува “потполно непристрасен (неутрален)”*

## Пристрасност на Црвениот крст на РС Македонија во однос на етничка или религиозна припадност на корисникот

| | ВОЗРАСТ % | | | ОБРАЗОВАНИЕ % | | | НАЦИОНАЛНОСТ % | | | РЕГИОН % | | | | | | | | ГРАД/ СЕЛО % | | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18 - 34 | 35 - 54 | 55 + | Основно | Средно | Повисоко | Македонец | Албанец | Друга националност | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Град | Село | Вкупно |
| Пристрасен | 10 | 13 | 16 | 12 | 13 | 13 | 16 | 5 | 15 | 12 | 8 | 17 | 27 | 8 | 12 | 16 | 12 | 14 | 12 | 13 |
| Ниту пристрасен ниту непристрасен | 18 | 20 | 18 | 32 | 15 | 20 | 16 | 24 | 21 | 10 | 15 | 16 | 17 | 16 | 34 | 18 | 17 | 19 | 19 | 19 |
| Непристрасен | 67 | 65 | 62 | 51 | 69 | 63 | 63 | 69 | 64 | 77 | 77 | 62 | 51 | 71 | 47 | 62 | 70 | 64 | 65 | 65 |
| Не знам | 5 | 2 | 5 | 6 | 3 | 5 | 5 | 2 | | 1 | 1 | 5 | 5 | 6 | 8 | 4 | 1 | 3 | 4 | 4 |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

- Непристрасноста е во слична пропорција меѓу возрасните групи како и според етничката припадност. Во најнизок процент непристрасноста е перципирана во југоисточниот регион (51%), а во највисок во вардарскиот и источниот регион (77%)

KANTAR BRIMA

База: 980 испитаници кои знаат за „Црвен крст на Македонија“

Црвен крст на Република Северна Македонија

# 5
# Волонтерство во Црвениот крст на РС Македонија

# Волонтерство во Црвениот крст на РС Македонија

*Т9. Дали досега некогаш сте биле вклучени во активностите на Црвениот крст на РСМ како волонтер?*
*Т10. Дали би сакале да се вклучите во некои активности на Црвениот крст на РСМ како член, како волонтер или поддржувач или воопшто не сакате да се вклучите?*

**Досегашна вклученост како волонтер во Црвениот крст на РС Македонија**




**Потенцијал за вклученост во некои активности на Црвениот крст на РСМ**




- Околу 14% од испитаниците изјавуваат дека досега биле вклучени во активностите на Црвениот крст на РСМ
- Потенцијалот за вклученост во некои од активностите на Црвениот крст на РСМ е околу една третина (33%), во поголем дел како поддржувачи (19%) но и како волонтери (13%) и директно како членови (1%)
- Околу половина (47%) експлицитно изјавуваат дека не сакаат да се вклучат во некои од активностите на Црвениот крст на РСМ

# 6
# Примање помош од Црвениот крст на РС Македонија

# Примање помош од Црвениот Крст на РСМ

*Т11. Дали вие или некој член од вашето домаќинство некогаш примил помош од Црвениот крст на РСМ?*
*Т12. Како би го оцениле квалитетот на помошта што ја примивте од Црвениот крст на РСМ на скала од 1 до 5 како во училишниот систем на оценување?*

Примање помош од Црвениот крст на РСМ







Просечна оценка 4.3

База: 56 испитаници кои примиле помош од Црвениот крст на РС Македонија“

- 6% изјавуваат дека примиле помош од Црвениот крст на РС Македонија
- Половина од оние кои примиле помош од ЦК ја оценуваат примената помош со оценка 5.
- Просечна оценка за примената помош на скала од 1-5 како во училишниот систем е 4.3

KANTAR BRIMA

База: 980 испитаници кои знаат за „Црвен Крст на Македонија“

Црвен крст на Република Северна Македонија

# 7
# Активности на Црвениот крст на РС Македонија во КОВИД-19



# Активности на Црвениот крст на РСМ во КОВИД-19 пандемијата

*Т13. Дали сте запознати со активностите на Црвен крст на РСМ за помош и поддршка на населението погодено од КОВИД-19 пандемијата?*
*Т14. Од каде добивте информации за вклученоста на Црвен крст на РСМ во обезбедувањето помош и поддршка на населението погодено од КОВИД -19 пандемијата?*

## Свесност за вклученост на Црвениот крст на РСМ во КОВИД-19 пандемијата






## Извори на информации за вклученоста на Црвениот крст на РСМ во КОВИД-19 пандемијата




- Само 28% знаат за вклученоста и активностите на Црвениот крст на РСМ за помош и поддршка на населението погодено од КОВИД-19 пандемијата
- Доминантни извори за информации за вклученоста на Црвен крст на РСМ во КОВИД-19 пандемијата се ТВ и социјалните медиуми. За постарите тоа е телевизијата (90%) наспроти 50% од помладите, а за помладите се социјалните медиуми (77%) наспроти 20% од постарите

База: 980 испитаници кои знаат за „Црвен крст на Македонија“

# Активности на Црвениот крст на РСМ во КОВИД-19 пандемијата

*Т15. Дали бевте опфатени со одредена поддршка од Црвениот крст на РСМ во справување со последиците од пандемијата со КОВИД-19?*

*Т16. Кои беа вашите потреби за справување со последиците од Пандемијата од КОВИД 19 ?*

*Т17. Дали бевте задоволни од помошта добиена од Црвен крст на РСМ за време на КОВИД-19?*

**Опфатеност со одредена поддршка од Црвениот крст на РСМ во КОВИД-19 пандемијата**




База: 279 испитаници кои знаат за активностите на Црвен крст на РСМ во КОВИД-19

**Потреби за справување со последици од КОВИД-19 пандемијата (број на испитаници)**




База: 11 испитаници кои биле опфатени со поддршка од Црвениот крст на РСМ во КОВИД-19 пандемијата

Забелешка: Мала статистичка маса – резултатите може да се сметаат како индикатор

- Околу 4% од испитаниците кои знаат за вклученоста на Црвен крст на РСМ во активностите за справување со КОВИД-19 изјавуваат дека биле опфатени со одредена поддршка од Црвениот крст на РСМ. Нивните потреби во повисок број се за: медицински потреби, заштитни средства и за едукација за заштита од пандемијата. Во следната група се испитаници на кои им била потребна психосоцијална помош, а во помал број за храна, хигиенски средства или парични средства.
- Сите испитаници изјавуваат дека се „многу задоволни“ од применета помош

# 8
# Потреба од помош од Црвениот крст на РСМ

# Потреба од помош од Црвениот крст на РСМ

*Т18. Доколку Ви е потребна помош од Црвен крст на РСМ, што би сакале да добиете?*








- Доколку им е потребна помош од Црвениот крст, испитаниците во повисок процент (55%) би сакале да добијат пакети со храна, 54% пакети со хигиена, 49% парични средства, 46% вредности ваучери итн. 41% имаат потреба од психосоцијална помош и поддршка.
- Забелешка: иако истражувањето е спроведено скоро цела година од појавата на пандемијата, 36% би сакале да добијат едукација за заштита од пандемијата (во повисок процент во Пелагонискиот регион во однос на другите региони)
- Дополнително, спонтано како потреби за помош се наведуваат: Градежни материјали (0.7%); Помош на стари лица (плаќање сметки, пазарување...0.5%); Покуќнина, апарати за домаќинството (0.3%); Облека (0.3%), лекови (0.3%); Било каква помош(0.1%) и помош во крв за операција (0.1%)

# 9
# Работа на мобилните тимови на Црвениот крст на РСМ

# Работа на мобилните тимови на Црвениот крст на РСМ

*Т19. Од информациите кои ви беа достапни, како би ја оцениле работата на мобилните теренски тимови на Црвен крст на РСМ за време на Ковид-19?*

База: 279 испитаници кои знаат за активностите на Црвен крст на РСМ во КОВИД-19

**Оценка на работата на мобилните теренски тимови на Црвен крст на РСМ за време на КОВИД-19**

**ОЦЕНКА:**
5: Одлична
4: Многу добра
3: Добра
2: Просечна
1: Лоша

| | ВОЗРАСТ % | | | ОБРАЗОВАНИЕ % | | | НАЦИОНАЛНОСТ % | | | РЕГИОН % | | | | | | | | ГРАД/ СЕЛО % | | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18 - 34 | 35 - 54 | 55 + | Основно | Средно | Повисоко | Македонец | Албанец | Друга националност | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Град | Село | Вкупно |
| **Средна оценка** | 4.3 | 4.3 | 4.2 | 4.5 | 4.2 | 4.3 | 4.3 | 4.2 | 4.5 | 4.2 | 4.3 | 4.4 | 4.3 | 4.5 | 4.5 | 3.9 | 4.2 | 4.2 | 4.4 | 4.3 |

- Работата на мобилните теренски тимови на Црвен крст на РСМ за време на КОВИД-19 се оценети со просечна оценка 4.3
- Нависока оценка е во Пелагонискиот и Полошкиот регион (4.5), а најниска во Североисточниот регион (3.9)
- Оценката во руралните средини (4.4) е повисока од оценката во урбаните средини (4.2)
- Испитаниците со основно образование даваат повисока оценка (4.5) во однос на другите

# Придонес на Црвениот крст на РСМ во КОВИД-19 пандемијата

*Т20. Дали сметате дека активностите на Црвениот крст на РСМ во одговор на последната пандемијата дадоа придонес во задоволување на приоритетните потреби на населението во РСМ?*

## Придонес на активностите на Црвениот крст во КОВИД-19 пандемијата за задоволување на приоритетните потреби на населението на РСМ

База: 279 испитаници кои знаат за активностите на Црвен крст на РСМ во КОВИД-19




| | ВОЗРАСТ % | | | ОБРАЗОВАНИЕ % | | | НАЦИОНАЛНОСТ % | | | РЕГИОН % | | | | | | | | ГРАД/ СЕЛО % | | ВКУПНО % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 18 - 34 | 35 - 54 | 55 + | Основно | Средно | Повисоко | Македонец | Албанец | Друга националност | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски | Град | Село | Вкупно |
| Да | 75 | 74 | **83** | 74 | 77 | 76 | 83 | 51 | **92** | 91 | **100** | 66 | 78 | 81 | 50 | 62 | 81 | 78 | 75 | **77** |
| Не | 13 | 14 | 15 | 26 | 13 | 12 | 13 | 20 | 8 | | | 15 | 12 | 13 | 26 | 29 | 12 | 15 | 13 | 14 |
| Не знае/ одбива | 13 | 12 | 1 | | 10 | 12 | 5 | 29 | | 9 | | 18 | 10 | 5 | 23 | 9 | 8 | 7 | 13 | 10 |
| Вкупно | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% | 100% |

- Три четвртини (77%) од испитаниците кои знаат за активностите на Црвен крст во КОВИД-19 пандемијата сметаат дека овие активности на Црвен крст во време на КОВИД-19 пандемија се придонес за задоволување на приоритетните потреби на населението на РСМ. Ова во повисок процент го сметаат повозрасните испитаници, испитаници од другите националности, испитаниците од Источниот (100%) и Вардарскиот регион (91%). Во понизок процент ова го сметаат испитаници од Полошкиот регион (50%) како и од Североисточниот регион (62%)

# 10
# Кратко резиме и препораки

# Кратко резиме и препораки (1):

- Спонтано, Црвен крст на РС Македонија е во највисок процент прво спомената хуманитарна организација во Р Македонија, во највисок процент прво спомената хуманитарна организација во југозападниот регион (39%), а најмалку во североисточниот (10%) и полошкиот регион (15%)
- Црвениот крст на Македонија е севкупно спонтано спомената од 32.5% од сите испитаници
- Севкупно, спонтано, Црвен крст на Македонија е во највисок процент спонтано спомената хуманитарна организација во југозападниот регион (43%) и скопскиот регион (42%), а најмалку севкупно спонтано спомената во полошкиот (32%) и североисточниот регион (20%).
- Испитаниците со повисоко образование во повисок процент знаат за Црвениот Крст на Р. Македонија
- Вкупната свесност (спонтана + потпомогната) за Црвениот крст на РС Македонија е висока и изнесува 97.5%, а гледано според регионите е исто така многу висока и е во опсег од 95% до 100%
- Три четвртини (73.5%) од испитаниците кои знаат за Црвениот крст на Македонија имаат позитивно мислење за организацијата, околу една четвртина (23.3%) имаат неутрално мислење, а само 2.3 проценти имаат негативно мислење.
- Повеќе активности се издвојуваат како основни активности на Црвениот крст на РСМ како што се: крводарителството, хуманитарната помош, прва помош, волонтерска организација, помош и поддршка по направена катастрофа,подготвеност и дејствување при катастрофи итн.
- Според мислењето на испитаниците, како најчесто споменувани целни групи кои се опфатени при реализација на програмските активности на Црвениот Крст се наведуваат "Жртви на природни катастрофи" (67%), „Сирачиња и самохрани мајки" (58%) "Социјални случаи" (53%) итн.
- Повеќе од половина (56%) од испитаниците кои знаат за Црвениот крст се информирани дека Црвениот крст на РСМ испорачува услуги за помош и нега на стари лица и лица со попреченост
- Мислење за Црвениот крст на РС Македонија: Во највисок процент граѓаните се согласуваат со мислењето дека Црвениот крст на РСМ е хуманитарна организација, чесна, ефикасна, непристрасна, транспарентна, и независна. Испитаниците во повисок процент не се согласуваат дека Црвениот крст е религиозна, бирократска или политичка организација, организација која им помага на оние со врски или организација која е застарена и е од социјалистички тип.

# Кратко резиме и препораки (2):

- Околу две третини (65% во кумулатив) сметаат дека Црвениот  крст на РСМ е непристрасен (неутрален) при обезбедување на помош во однос на етничката и религиозната припадност на корисникот наспроти 13% кои сметаат дека е пристрасен
- Вклученост (волонтерство) во  активностите на Црвен крст: околу 14% од испитаниците изјавуваат дека досега биле вклучени во активностите на Црвениот крст на РСМ.
- Потенцијалот за вклученост во некои од активностите на Црвениот крст на РСМ е околу една третина (33%), во поголем дел како поддржувачи (19%) но и како волонтери (13%) и директно како членови (1%), а  околу половина (47%) експлицитно изјавуваат дека не сакаат да се вклучат во некои од активностите на Црвениот крст на РСМ
- Примање помош од Црвениот крст на РСМ:  6% изјавуваат дека примиле помош од Црвениот крст на РС Македонија. Половина од оние кои примиле помош од ЦК ја оценуваат применета помош со оценка 5, а просечната оценка за применета помош на скала од 1-5 како во училишниот систем е 4.3.
- Свесност за вклученост на Црвениот крст на РСМ во КОВИД-19 пандемијата:  Само 28% знаат за вклученоста и активностите на Црвениот крст на РСМ за помош и поддршка на населението погодено од КОВИД-19 пандемијата. Доминантни извори за информации за вклученоста на Црвен крст на РСМ во КОВИД-19 пандемијата се ТВ и социјалните медиуми. Препорака кон ЦК на РСМ:  поголемо присуство во медиумите - редовни информации, дебатни емисии за активностите со цел повисока информираност и привлекување на поголем број на волонтери. „Фан“ страниците на социјалните медиуми (како многу влијателен медиум) редовно да се update-ираат со новости и информации за активностите
- Околу 4% од испитаниците кои знаат за вклученоста на Црвен крст на РСМ во активностите за справување со КОВИД-19 изјавуваат дека биле опфатени со одредена поддршка од Црвениот крст на РСМ. Нивните потреби во повисок број се  за: медицински потреби, заштитни средства и за едукација за заштита од пандемијата. Во следната група се испитаници на кои им била потребна психосоцијална помош, а во помал број за храна, хигиенски средства или парични средства. Сите испитаници изјавуваат дека се „многу задоволни“ од применета помош.

# Кратко резиме и препораки (3):

- Потреба од помош од Црвениот крст на РСМ: Доколку им е потребна помош од Црвениот крст, испитаниците во повисок процент (55%) би сакале да добијат пакети со храна, 54% пакети со хигиена, 49% парични средства, 46% вредности ваучери итн. 41% имаат потреба од психосоцијална помош и поддршка. Забелешка: иако ова истражување е спроведено скоро цела година од појавата на пандемијата, 36% би сакале да добијат едукација за заштита од пандемијата (во повисок процент во Пелагонискиот регион во однос на другите региони). Препорака е оваа активност да не се занемари (во смисол: веќе сите знаат за пандемијата, заштита, превенција итн. но секогаш постојат дополнителни препораки, нови аспекти и активности во борба со пандемијата.
- Дополнително, спонтано како потреби за помош кои испитаниците ги наведуваат се: Градежни материјали (0.7%); Помош на стари лица (плаќање сметки, пазарување...0.5%); Покуќнина, апарати за домаќинството (0.3%); Облека (0.3%), лекови (0.3%); Било каква помош(0.1%) и помош во крв за операција (0.1%). Иако во мал процент, Црвениот крст може да ги разгледа можностите за реализација на некоја од овие предлог потреби
- Работата на мобилните теренски тимови на Црвен крст на РСМ за време на КОВИД-19 се оценети со просечна оценка 4.3
- Нависока оценка е во Пелагонискиот и Полошкиот регион (4.5), а најниска во Североисточниот регион (3.9). Оценката во руралните средини (4.4) е повисока од оценката во урбаните средини (4.2)
- Испитаниците со основно образование даваат повисока оценка (4.5) во однос на другите
- Во однос на придонес на активностите на Црвениот крст во КОВИД-19 пандемијата за задоволување на приоритетните потреби на населението на РСМ, мислењето на јавноста е позитивно: Три четвртини (77%) од испитаниците кои знаат за активностите на Црвен крст во КОВИД-19 пандемијата сметаат дека овие активности на Црвен крст во време на КОВИД-19 пандемија се придонес за задоволување на приоритетните потреби на населението на РСМ. Ова во повисок процент го сметаат повозрасните испитаници, испитаници од другите националности, испитаниците од Источниот (100%) и Вардарскиот регион (91%). Во понизок процент ова го сметаат испитаници од Полошкиот регион (50%) како и од Североисточниот регион (62%)
- Севкупно со неколку зборови: Црвениот крст на РС Македонија со своите активности е високо позитивно перципирана хуманитарна организација со широк спектар на активности. Извесен недостаток е поголема присутност во медиумите, посебно во социјалните медиуми (за кои сепак не се потребни големи финансиски средства), со што ќе придонесе во зголемување на свеста и мотивираноста за волонтерство, ангажираност во разни активности на Црвениот крст за помош и поддршка, а ќе резултира во унапредување на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните во Република Северна Македонија

# БЛАГОДАРИМЕ ЗА ВНИМАНИЕТО